РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

УП1 Број: / Numer: 08-264
02.10.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Известувањето за престанување со емитување на телевизиска програма од Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, наш арх.бр.08-3741/1 од 12.09.2024 г., Изјава, број УЗП 3097/2024 од 18.09.2024 г., наш арх.бр.08-3741/3 од 19.09.2024 г. од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот и Заклучокот арх.бр.02-3960/7 од 30.09.2024 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 37-та седница одржана на 30.09.2024 година, донесе

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, е имател на дозвола за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-45 од 07.09.2023 г., кој емитува програма преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на локално ниво за подрачјето на Општина Кочани, Општина Виница, Општина Чешиново – Облешево и Општина Зрновце, телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик.

На 12.09.2024 г. Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) достави Известување (наш арх.бр.08-3741/1 од 12.09.2024 г.), дека Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, на 30.09.2024 г., ќе престане со емитување телевизиска програма. По повод цитираното Известување, Агенцијата на 13.09.2024 г., со Допис, наш арх.бр.08-3741/2, го извести наведениот радиодифузер дека согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) потребно е да достави изјава заверена на нотар од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот, во која задолжително треба да биде наведено дека радиодифузерот Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, престанува со емитување на телевизиска програма, со наведување на точен датум на престанок со емитување на телевизиска програма. Воедно, радиодифузерот беше известен дека со доставување на бараната изјава заверена на нотар ќе бидат исполнети законските услови, Агенцијата да донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери - Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани.

На 19.09.2024 г. до Агенцијата од Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, беше доставена Изјава број УЗП 3097/2024 од 18.09.2024 г. (заверена на нотар), наш арх.бр.08-3741/3 од 19.09.2024 г., од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот – Тони Ајтовски, дека Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани од 01.10.2024 г. престанува со емитување на телевизиска програма.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од ЗАВМУ, дозволата за телевизиско емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на телевизиска програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2 од ЗАВМУ).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, со доставување на напредцитираната писмена Изјава од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот (заверена на нотар), исполнети се законските услови за престанување на важноста на дозволата по сила на закон, по што Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 г., Известувањето за престанување со емитување на телевизиска програма од Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, наш арх.бр.08-3741/1 од 12.09.2024 г., Изјава, број УЗП 3097/2024 од 18.09.2024 г., наш арх.бр.08-3741/3 од 19.09.2024 г. од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот и Заклучокот арх.бр.02-3960/7 од 30.09.2024 г., се донесе решение како во диспозитивот, кое влегува во сила веднаш.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани;
- Управителот на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.